


# МАРТ 2026

## **МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ** ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 32 24 229



# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Пазарите на капитал во март претрпеа значителен пад, предизвикан од избувнувањето на војната во Иран и затворањето на Ормускиот теснец, создавајќи сериозен енергетски шок и зголемени стравови од стагфлација на глобално ниво. Како најпогоден регион се издвоија азиските пазари, каде индексот MSCI Asia Pacific падна за 13,35%, целосно бришејќи ги претходните добивки. Инвеститорите масовно го намалија ризикот во своите портфолија, реагирајќи на острото зголемување на нафтените цени и неизвесноста поврзана со траењето на конфликтот.

Глобалниот индекс MSCI ACWI во текот на месецот забележа пад од 7,36%, со што приносот од почетокот на годината стана негативен и изнесува –3,52%. Акциите од пазарите во развој прикажани преку индексот MSCI Emerging Market исто така, забележаа остар месечен пад од 13,26%. Европскиот индекс STOXX 600 заврши со пад од 8,00%, додека американскиот S&P 500 забележа нешто поумерен пад од 5,09%, но сепак со најслаб перформанс од –4,63% следено од почетокот на годината.




**MSCI Asia – Pacific** – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
**MSCI Emerging Market** – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
**STOXX 600** – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
**S&P 500** – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
**MSCI ACWI** – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

Извор: Блумберг




# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Македонскиот берзански индекс МБИ 10 во март забележа пад од 2,32% и од почетокот на годината бележи негативен принос од 1,45%. Притисокот беше широко распространет меѓу компаниите кои се дел од индексот, при што најголеми загуби оствариja ТТК Банка од 8,81%, Стопанска банка од 6,45% и НЛБ Банка од 4,28%. Токму ТТК Банка и Стопанска банка АД бележат и најголеми падови во изминатите три месеци од 12,18% и 10,08%, соодветно. Позитивниот принос од почетокот на оваа година го задржаа само Македонски Телеком со 8,01%, Алкалоид со 0,61% и Комерцијална банка со 0,48%.




Извор: Блумберг



# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Приносите на државните обврзници нагло се зголемија во март, во целосен пресврт од трендот на намалување забележан порано оваа година. Конфликтот ги врати стравовите дека инфлацијата е далеку од завршена, при што и Федералните резерви и Европската централна банка на своите мартовски состаноци ги задржаа каматните стапки непроменети и упатија предупредување дека инфлацијата оваа година најверојатно ќе биде повисока од очекуваното. Тоа ги натера пазарите да очекуваат задржување на високи каматни стапки на подолг рок. На крајот од месецот, меѓу анализираните инструменти, највисоко ниво на принос од 5,53% има македонската државна обврзница, додека швајцарската обврзница го задржа статусот на најнископриносна со стапка од 0,37%.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**




* Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање **21.01.2034**

Извор: Блумберг



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во март, девизниот пазар покажа јасна доминација на американскиот долар наспроти еврото, одразувајќи се како сигурно прибежиште при зголемените геополитички тензии и скокот на цените на нафтата. Американскиот долар оствари највисок месечен пораст од 2,24% во однос на еврото, а веднаш по него следи кинескиот јуан со 1,89%. Наспроти нив, швајцарскиот франк кој традиционално се смета за сигурно засолниште, забележа пад во однос на еврото од 1,59% во текот на месецот, а поголем пад оствари руската рубља кој достигна 3,64%. Валутните осцилации продолжуваат да бидат под силно влијание на геополитичките случувања и различните пристапи на централните банки во водењето на монетарната политика. Следниот круг на состаноци на централните банки е закажан за крајот на април 2026 година, при што трендовите во наредниот период ќе зависат пред сè, од развојот на конфликтот и од макроекономските податоци.

**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




Извор: Блумберг Лектор: Каролина Накова